373.3.014(497.17)„1945/1950"

Нада ЈУРУКОВА

# ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1944—1950)

## Институт за национална историја, Скопје 1990

Проучувањето на развојниот процес на основното школство во Македонија во периодот од 1944 до 1950 година, што е предмет на монографскиот труд на м-р Нада Јурукова, претставува обработување на еден магистрален проблем од поновата македонска историја. Имено, првите повоени години (1944—1950) претставуваат мошне значајна пресвртна етапа во која беа поставени основите и трасирани патиштата на новиот општествен систем. Во тој временски период се настанати коренити промени во целокупниот општествено-економски, политички и културно-просветен живот во земјата. Тоа е период кога основното школство, како дел од нашата национална просвета и култура, доживува своевидна ренесанса, подем и достигања, што временски, просторно и историски третирано, означува ретка појава и дострел вбројуван во севкупните постигања на нашиот развиток.

Монографскиот труд на м-р Нада Јурукова концепциски е составен од Предговор, пет глави и Заклучок. Интегралноста на трудот ја сочинуваат и Прилозите (главно табеларни прегледи), Прегледот на користените извори и литература, Скратениците и Регистерот на личните и географски имиња.

Во Предговорот авторот дава краток историски осврт на воспитно-образовната дејност во Македонија истакнувајќи дека „просветната традиција македонскиот народ ја создавал и пренесувал низ вековите од поколение на поколение непосредно во животот, работата и борбата за зачувување на својот национален идентитет, јазик, просвета и култура". Образложувајќи ги мотивите за обработка на оваа проблематика, авторот дава и критички осврт на користените необјавени и објавени архивски материјали и литература.

Во првата глава „Основните училишта во Македонија во годините непосредно пред Втората светска војна и за време на окупацијата", авторот дава една кратка ретроспектива на развојот на училиштата во Македонија во годините на предвечерието на Втората светска војна како и за време на окупацијата. Во оваа глава м-р Нада Јурукова ги издвојува и третира условите под кои се наоѓаше и развиваше основното школство во Вардарска Македонија во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, односно Кралството Југославија и тоа преку артикулацијата на неговите главни компоненти: материјалната основа, кадровската структура и политика, мрежата на овие школи и опфатеноста на учениците во нив. Тоа ѝ овозможило да ги анализира и да дојде до правилни определби за овој

дел од школскиот систем во Кралството и да укаже на одредени конкретности во практичното спроведување на политиката на денационализација и асимилација на македонскиот народ, која особено доаѓа до израз во школството, почнувајќи од основното. Правејќи осврт за основното образование во Македонија за време на окупацијата, анализирајќи ја притоа окупаторската просветна политика, авторот истакнува дека во остварувањето на својата денацинализаторска цел, покрај одредени методи на силна пропаганда, бугарскиот окупатор посебно внимание му обрнал на школството. Затоа од Софиското министерство за просвета се давани „посебни задачи за македонски терен". И големоалбанските фашистички слуги, во подрачјата на Македонија под италијанско-германска окупација, настојувале младото поколение да се воспитува во духот на фашистичката идеологија и да се однародува. Особено е анализиран односот на окупаторските власти кон просветните работници — Македонци, како и отпорот на македонскиот народ спрема окупаторската просветна политика.

Посебна глава е посветена на „Просветата и училиштата за време на Народноослободителната војна и Револуцијата". Во неа всушност се следи оживотворувањето на раководната идеја во НОВ дека заедно со борбата за национална слобода, се водела и борба за народна просвета, за народни училишта, како интегрален дел за националната слобода.

По првите две глави, што имаат воведен карактер, м-р Нада Јурукова со особено внимание се осврнува кон спецификите во кои македонската просвета и школство се најдоа по ослободувањето, ако се има предвид неговата материјална и кадровска база и со оглед на исклучителните напори на сите општествени фактори за што побрзо надминување на овие тешкотии и проблеми, со цел што побрзо и Македонија да оди во чекор со општите југословенски текови и на планот на образованието.

Во третата глава „Основните училишта во Македонија (1944—1950)" авторот дава мошне исцрпна анализа на преобразбата на основното образование; на организацијата на просветните органи на власта; на просветните прилики по војната; на подготовките за отворање на основните училешита; на отворањето на основните училишта во 1944/45 година; на бројната состојба на четиригодишните основни училишта; на учениците и на наставничкиот кадар (1944—1950); на бројната состојба на седумгодишните основни училишта; на учениците и на наставничкиот кадар (1944—1950); на наставната работа во училиштата од прво до седмо одделение и на слободните активности.

На проблемот на учителскиот кадар му е посветена четвртата глава под наслов „Воспитно-образовно-педагошките институции за подготвување на наставнички кадар (1944—1950)". Авторот се осврнува на учителските курсеви и на курсевите за предметни наставници и притоа дава коментар и се впушта во оценка на овие курсеви во поглед на нивната ефикасност. Во посебно подзаглавие се следи основањето и развојот на учителските школи во Македонија во разгледуваниот период. Значителен простор во оваа глава авторот му посветува и на основањето и на работата на Вишата педагошка школа во Скопје, односно во Битола и Штип.

„Аналфабетските и основните општообразовни курсеви" е наслов на последната, петта глава. Оваа проблематика е третирана како дел од основното образование. Авторот се задржува на почетните форми на описменувањето. Во оваа смисла одделно се разгледуваат организационата поставеност, наставната програма, мрежата на аналфабетските курсеви, како и опфатеноста на неписмените во нив. Даден е осврт и на основните општообразовни курсеви.

Во Заклучокот авторот издвојува одредени релевантни согледувања, определби и карактеристики, како и оценки на основното школство во Македонија од ослободувањето до 1950 година.

Би истакнале дека изнесената фактографија во трудот на м-р Нада Јурукова е проследена со бројни изворни податоци, со табеларни прегледи, а на одредени места и со функционални аналитички коментар, обопштувања, а и оценки.

На крајот би истакнале дека во трудот за прв пат ни се претставени нови сознанија за оваа интересна тема што се од значење не само за историјата на нашето школство, туку и за нашиот севкупен историски развиток во времето по ослободувањето. Несомнено овој труд претставува значаен придонес во нашата историографија во проучувањето на нашиот повоен развиток, и како таков тој ќе најде бројни читатели меѓу сите оние што се занимаваат со историја, меѓу нашите просветни работници, како и меѓу оние на кои историјата им е хоби.

Надежда ЦВЕТКОВСКА